РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
AGJENCIA PËR MBROJTJEN E TË DHËNAVE PERSONALE
Бр.-Nr. 01-625/1
20.5. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-2403/1
23.05 2025 год.viti
Ckonje-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу:**

1. **Агенцијата за заштита на личните податоци**, бул. „Гоце Делчев" бр. 18 Скопје, застапувана од М-р Елена Вељановска, заменик директор, од една страна

и

2. **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**, ул."Македонија бр.27", застапувана од Сања Божиновска, министер, од друга страна

**Член 1**

Предмет на овој меморандум е унапредување на меѓусебната соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во насока на целосно и правилно спроведување на прописите за заштита на личните податоци.

**Член 2**

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката согласно целта на овој меморандум, двете страни се обврзуваат да го реализираат следното:

1. **Агенцијата за заштита на личните податоци ќе:**
   - одржува обуки за заштита на личните податоци за заинтересираните претставници од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини без надомест, а по претходно склучен договор за спроведување на обука;
   - издаде соодветен документ за посета на обука;
   - дава насоки за усогласување на документацијата со опис на техничките и организациските мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци, а која треба да ја донесе и примени Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како контролор на збирки на лични податоци;
   - учествува со свои сугестии и предлози во насока на успешна реализација на целта на овој меморандум;
   - обезбеди помош при усогласување на прописите од областа која е во надлежност на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со прописите за заштита на личните податоци;
   - даде предлог за реализација на проекти кои се однесуваат на имплементација на легислативата, градење на капацитети и подигнување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци.

2. **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе:**
   - изврши навремено информирање на своите претставници за обврските согласно прописите за заштита на личните податоци и договорената соработка со Агенцијата за заштита на личните податоци со цел спроведување на прописите за заштита на личните податоци;
   - обезбеди логистичка поддршка при спроведувањето на обуките за заштита на личните податоци во смисла на обезбедување на присуство на заинтересираните учесници и сл;
   - учествува со свои сугестии и предлози во насока на успешна реализација на целта на овој меморандум;

- реализира активности за усогласување на прописите од областа кои се во негова надлежност со прописите за заштита на личните податоци;
- ќе даде предлог за реализација на проекти кои се однесуваат на имплементација на легислативата, градење на капацитети и подигнување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци.

**Член 3**

Пријавувањето на учесниците и реализацијата на обуката за заштита на личните податоци, се врши согласно одредбите од Правилникот за обука за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20), а во врска со членот 2 став (2) од Одлуката за определување на висината на надоместоците за организирање и спроведување на обука за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 81/25).

**Член 4**

Содржината на овој меморандум може да се менува и дополнува само со писмена согласност на двете страни потписнички. Истиот може да биде прекинат од било кој потписник со претходна најава од 30 дена.

**Член 5**

Овој меморандум ќе биде потпишан во два еднообразни примерока, по еден за секоја страна.

**Член 6**

Овој меморандум влегува во сила од денот на потпишувањето.

Страни потписнички на Меморандумот за соработка:

| Агенција за заштита на личните податоци | Министерство за енергетика, рударство И минерални суровини |
| --- | --- |
| Заменик директор, М-р Елена Вељановска | Министер, Сања Божиновска |